чува потресите во земјината кора) seizmologija.

**сеизмолошки** *adj* (кој се однесува на сеизмологија) seizmološki; сеизмолошки извештај seizmološki izveštaj.

**сеир** *m* (razg. гледање, посматрање, забава, разонода; забавна глетка, нешто што заслужува да се види, чудо) seir, sehir; гледа сеир gledati sehir; чини сеир činiti sehir.

**сеирџија** -ии *m* (razg. лице што гледа сеир, гледач, посматрач) seirdžija, sehirdžija; се собрале само сеирџии skupile se same sehirdžije.

**сеирџика** *f* (за жена) v. сеирџија.

**сејалка** *f* (машина за сеење) sejalica.

**сејанина** *f* posevno zrno, posevi, usevi.

# ЕПИЛОГ

Како нешто што ја одвојува Битола од другите градови во Македонија, и претставува една од главните карактеристики на секојдневното живеење на нејзините жители, е феноменот "Широк Сокак", или поточно специфичното пулсирање на оваа главна чаршиска артерија.

Широк Сокак е епицентар на главните чаршиски збиднувања, место каде се разменуваат "најпресни" информации за комшиските афери, место на "прострелни" погледи, бендисување, "кафосување", или со еден збор, е место за СЕИР, со сите нишани.

Овде, како на ниедно друго место, може да се почувствува благодушната енергија на македонската љубопитност, питомост, како и убавината на раатското живеење.

Потписниците на овие редови не можеа, а да не бидат импресионирани од опојната атмосфера на сеирџиското царство "Широк Сокак". Гледачите и гледаните, сите заедно го претвораат Сокакот во една живописна и импресивна сцена.

Толку колку што вие уживате во сеирот, толку и ние уживаме набљудувајќи ве, и одлучувајќи овој пат и вие да бидете сеирени.

Се надеваме дека се чувствувавте пријатно и уживавте во
**КУЛТУРНА ЗОНА "СЕИРЏИИ"**

Овој ден, вашиот сеир доби ***културно*** значение.

Поздрав од вашите колеги – сеирџии:

**Гордана Вренцоска**
**Борис Шемов**

25 јуни 2000



# НАЈАВА

Ве известуваме дека во наредниот час, додека уживате во вашиот пијалок и вашиот престој овде, ќе бидете учесници во едно културно збиднување со репресивен карактер.



Сакаш да се пулиш,а? Дали рејбано, под кој ги криеш твоите набљудувачки намери, е доволен да не бидат откриени твоите потајни желби?

.....Објектот што е цел на твојата потреба за проектирање на желбите ја чувствува жестината на твојата енергетска трансмисија.



Па кога ќе размислам подобро, фокусот на твоето интересирање и не е така лош!



…..Се запрашуваш ли, можеби, дали си и ти жртва на нечија неодолива потреба за …. Опсервација?




West

………Еeeх, пусти навики….

Како ли ноќва мирно ќе спијам,
ако кафе на Широк Сокак денес не испијам?